**20160631811**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за управување со отпадот,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 март 2016 година.

Бр.08-1939/1
29 март 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ

Член 1

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Македонија“ број 39/16), во членот 16 запирката се заменува со точка, а зборовите: „а ќе започне да се применува со денот на започнувањето на примената на Законот за општа управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна простапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15)”, се бришат.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.